Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-232/1
12.07.2016 год.
СКОПЈЕ

# *РЕФЕРАТ*
# *ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ЗА ОБЛАСТА ДЕЛОВНО ПРАВО И ВО ОБЛАСТА ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА-ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА" – СКОПЈЕ*

Со Одлука бр.02-225/1 од 23.06.2016 година донесена на седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа- Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА -Скопје, одржана на, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за областа Деловно право и за областа Право на Европската унија.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весникот „Нова Македонија" од 10.06.2016 год. и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Биљана Ѓозинска, доктор на правни науки.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа- Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА -Скопје да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Д-р Биљана Ѓозинска е родена на 11.11.1981 година во Велес, Република Македонија. Средно образование завршува во УСО Гимназија "Кочо Рацин"-Велес.

Во академската 2000 / 2001 година се запишува на Правниот факултет "Јустинијан Први " при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј " во Скопје, каде што дипломира во ноември 2004 година и се стекнува со звањето дипломиран правник.

Во академската 2006/2007 година се запишува на последипломски студии на Институт по одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет, при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, група по мир и развој. На 17.06.2009 година успешно го одбрани магистерскиот труд со наслов „Кризата во Република Македонија во 2001 година: односот помеѓу ЕУ и НАТО", со што се стекна со звање магистер по мир и развој.

Во септември 2009 година на Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје пријавила изработка на докторска теза под наслов "Нормативна и институционална рамка на Европска унија за кризен менаџмент". На 11.12.2012 година, успешно го одбрани докторскиот труд под горенаведенито наслов и се стекна со научен степен доктор на правни науки.

По завршувањето на додипломските студии до септември 2007 година, д-р Биљана Ѓозинска работи како приправник во Основен суд Велес и во адвокатска канцеларија. Од септември 2007 година работи во високообразовната дејност, најпрво како помлад асистент и соработник на Европскиот универзитет-Република Македонија, а потоа и како предавач на Факултет за бизнис економија-Скопје, и како научен соработника на Приватниот научен институт за бизнис економија-Скопје, директно ангажирана во наставно-образовниот процес, но и во организациско-развојната дејност на високообразовните институции.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во септември 2007 година д-р Биљана Ѓозинска избрана е за помлад асистент во областа на Административното право на Факултетот за правни науки во состав на ЕУРМ.

Во ноември 2009 година д-р Биљана Ѓозинска избрана е за соработник во областа на Правото на ЕУ на Факултетот за правни науки во состав на ЕУРМ.

На Факултетот за правни науки во состав на Европски универзитет-Република Македонија работи од септември 2007 до ноември 2011 година како помлад асистент и соработник во наставно-научните области на Правото на ЕУ, Меѓународно казнено право, Реторика, Административно право и Политички систем.

Во ноември 2011 година избрана е во наставно звање предавач во областа на Деловното право и во областа на Правото на Европска унија на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА-Скопје. Оттогаш д-р Биљана Ѓозинска активно ги извршува педагошките обврски за предметот Деловно право и за правниот дел од предметот Интегриран бизнис пристап 1 и Интегриран бизнис пристап 2, на првиот циклус стручни студии на Факултетот, каде што е во редовен работен однос.

Во февруари 2013 година избрана е во научно звање научен соработник/доцент на Приватиот научен институт за бизнис економија во Скопје во областа на Право на Европска унија и Меѓународно стопанско право. На Институтот и е доверена настава по

предметот Менаџмент, вреднување и мониторинг на проекти, и активно ги извршува педагошките обврски за истиот. Од април 2015 година д-р Биљана Ѓозинска е во редовен работен однос и на Институтот.

Д-р Биљана Ѓозинска има напишано и објавено повеќе научни/стручни трудови, и тоа:

1. Начарова, Б.(2008), "Теории за разбирање на европската интеграција", *Зборник на трудови на Европски универзитет-Република Македонија*, Скопје.
2. Nacharova, B.(2009), "Teaching UN in Higher Education in Macedonia", *Can the UN be taught? A compendium of Innovative Teaching Techniques,* Diplomatic Acedemy of Vienna, Vienna.
3. Начарова, Б.(2009), "Дистинкција помеѓу концептот владеење на правото и концептот правна држава", *Зборник на трудови на Европски универзитет-Република Македонија*, Скопје.
4. Начарова, Б.(2009), "Кризата во Република Македонија: односот меѓу НАТО и ЕУ", Филозофски факултет, Скопје.*(магистерски труд)*
5. Спасов, Ѓ., Начарова, Б. (2010), „Реторика", авторизирани предавања, Европски универзитет-Република Македонија, Скопје.
6. Начарова, Б.(2011), "Реализација на ДРР програмите-неопходен услов за спроведување на Охридскиот рамковен договор", *Охридски рамковен договор-студии на случај,* МЦМС, Скопје.
7. Начарова, Б.(2012), „Нормативна и институционална рамка на Европска унија за кризен менаџмент ", Правен факултет, УКИМ, Скопје. *(докторска дисертација)*
8. Gjozinska, B.(2014), "Economic instruments for EU crisis management", *Journal of sustainable development, volume 5, issues 8-9, Integrated business faculty* Skopje.
9. Gjozinska B., Bulevska A.(2014), "Challenges of innovative management in developing economies: Case study of Macedonia", *Proceedings of the International Conference SMS-e Development and Innovation,*Ohrid.

Има учествувано на повеќе меѓународни / регионални семинари и конференции, меѓу кои:

- " Regional security and cooperation in SEE", организиран од Inter-university Center, Dubrovnik (24 Јуни-01 Јули 2007 )
- " Security and cooperation in SEE ", организиран од Inter-university Center, Dubrovnik ( 26 Јуни-02 Јули 2008 )
- " Can United Nation be taught? ", регионална конференција во Виена, организирана

од Diplomatic Academy, Vienna & Academic Counsile on the United Nation System (22 – 24 ноември 2008 )

- “ Право на ЕУ “, регионална школа одржана во Бар, Црна Гора, (25-29 мај 2009 ).
- “ Право на ЕУ “, втора регионална школа одржана во Бар, Црна Гора, (03-07 мај 2010 ).
- “Human rights and transitional justice”, организиран од Konrad Adenauer Stiftung Rule of Law Program for South East Europe & Udruzenje Pravnik, Saraevo, (18-31 јули 2011)

Кандидатката учествува како истражувач во двогодишен научно-истражувачки меѓануроден проект во рамките на Еразмус + програмата, насловен: Innovative Strategic Partnership for European Higher Education.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Биљана Ѓозинска во својот работен ангажман на високообразовните установи Правен факултет при ЕУРМ и Факултет за бизнис економија, од 2007 година до денес покрај наставнообразовната дејност ја врши и функцијата на Секретар, во рамките на која се грижи за координирање пред се на организациските и развојни активности на установите, во согласност со прописите од областа на високото образование. Во рамките на оваа функција активно е вклучена во изработка на нови елаборати и студиски програми, воспоставување меѓународна соработка, вклучена е во работата на комисии и тела на Факултетот, координирање на практичната настава на студентите, како и многу други активности од областа на работните односи, заштита на лични податоци, слободен пристап до информации од јавен карактер, правата и обврските кои произлегуваат од статусот студенти, надлежностите на стручните и управни органи на високообразовните установи. Д-р Биљана Ѓозинска во процесот на самоевалуација на институциите согласно извештаите за самоевалуација позитивно е оценета во сите сегменти на процесот, и тоа: од страна на студентите во анкетните прашалници, во текот на опсервациите на наставата од страна на Комисијата за опсервации како и согласно самоевалуациот извештај на кандидатот. Од целиот овој процес може да се констатира посветеност на кандидатот во извршување на педагошката дејност на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија - Скопје и на Институтот.

Доколку ги квантифицираме вредностите на работните обврски и ангажманот на д-р Биљана Ѓозинска, согласно одредбите на постојните законски прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, како и внатрешните акти на Факултетот за бизнис економија, лицето за избор д-р Биљана Ѓозинска е оценета со 102,3 поени, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот:

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Биљана Ѓозинска има потенцијал за научно-истражувачка и педагошка работа, има повеќегодишно работно искуство во областа на правосудниот систем и во областа на високото образование, како и афинитети за наставно-образовни и истражувачка активност. Оттука, може да оцениме дека д-р Биљана Ѓозинска има потенцијал да биде вклучена во наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на Приватната високообразовна установа- Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА -Скопје во областа на Деловното право и во областа на Правото на Европската унија.

Затоа на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа- Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА -Скопје му предлагаме да ја избере д-р Биљана Ѓозинска во наставно звање професор во областа на Деловното право и во областа на Правото на Европската унија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф.д-р Милан Илиевски

2.Проф.д-р Слаѓана Стојановска

3.Доц.д-р Зоран Филиповски

**Прилог**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Биљана Ѓозинска, (предавач), во реизборниот период 2011-2015 година, според критериумите за избор на наставници на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија" во Скопје**

| **ВИД НА АКТИВНОСТ** | **БРОЈ** | **ПОЕНИ** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Деловно право - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно, 12 работни недели) | 4*12=48 | 0,25 | 12 |
| ИБЦ 1- предавања (прв циклус на студии) (9 часа неделно, 3 работни недели) | 9*3=27 | 0,25 | 6,75 |
| ИБЦ 2- предавања (прв циклус на студии) (9 часа неделно, 2 работни недели) | 9*2=18 | 0,25 | 4,5 |
| Применети методи на истражување (втор циклус на студии) | 45 | 0,35 | 15,75 |
| Консултации со студенти | 100 | 0,1 | 10 |
| Ментор на дипломска работа | 15 | 0,3 | 4,5 |
| Ментор на семинарски труд | 3 | 0,05 | 0,15 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд | 4 | 1,5 | 6 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 10 | 0,15 | 1,5 |
| Пакет материјали за одреден предмет | 2 | 2 | 4 |
| | | | **65,15** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Учесник во меѓународен научен проект | 1 | 5 | 5 |
| Труд објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 1 | 4 | 4 |
| Труд објавен во научно/стручно списание | 1 | 3 | 3 |
| Труд објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор | 1 | 3 | 3 |
| Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество | 1 | 2 | 2 |
| Учество на научен собир/конференција со меѓународен карактер | 1 | 2,5 | 2,5 |
| | | | **19,5** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Студиски престој во странство | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Рецензент во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 3 | 1 | 3 |
| Учество во промотивни активности на факултетот | 1 | 1,5 | 1,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во комисии и тела на Факултетот ( Одбор за соработка,  Комисија за прием на студенти, Комисија за Еразмус) | 3 | 2 | 6 |
| Учество во тела на управата на Факултетот (Секретар, член на управата) | 2 | 3 | 6 |
| | | | 18 |
| **ВКУПНО** | | | **102,3** |

**НО+НИ+СА=65,15+19,15+18=102,3 поени**